**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
**Бр.08-669/2**
**18.09.2019 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 8, член 161 став 5, член 173 став 1 и член 175 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник" бр. 82/18) и член 39 став 1 и 42 став 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола од 2018 година, Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност-Скопје, на седницата одржана на 18.09.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, бр. 461 од 02.09.2019 година, за избор на еден наставник на сите наставно-научни звања на научните области Друго – Безбедносни науки (51610) и Друго – Меѓународна безбедност и меѓународни односи (51610) на Факултетот за безбедност-Скопје и во звањето **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** се избира д-р Марјан Ѓуровски.

2. Д-р Марјан Ѓуровски се избира во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** на научните области Друго – Безбедносни науки (51610) и Друго – Меѓународна безбедност и меѓународни односи (51610).

3. Со изборот во звањето вонреден професор, д-р Марјан Ѓуровски заснова работен однос на неопределено време, односно за времето за кое е избран.

4. Правата и обврските од работниот однос, д-р Марјан Ѓуровски ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти наУниверзитетот и факултетот.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 29.01.2020 година.

## *Образложение*

Со Одлука заведена со бр. 08-5/13 од 03.02.2015 година од Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје донесена на 29.01.2015 година, д-р Марјан Ѓуровски е избран во звање доцент во сите наставно-научни звања на научните области: Друго – Безбедносни науки (51610) и Друго – Меѓународна безбедност и меѓународни односи (51610) за време од 5 (пет) години и исплатата за доцент му започнува од 29.01.2015 година. Согласно

Одлуката за избор во доцент, д-р Марјан Ѓуровски склучува Договор за вработување со Факултетот за безбедност – Скопје кој е заведен под бр. 04-142/1 од 16.02.2015 година.

Деканот на Факултетот за безбедност – Скопје, врз основа на Одлука за распишување конкурс бр.04-527/1 од 01.07.2019 година, распиша конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области: Друго – Безбедносни науки (51610) и Друго – Меѓународна безбедност и меѓународни односи (51610). Конкурсот беше објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 02.07.2019 година и во дневниот весник „Коха“ на ден 02.07.2019 година. На конкурсот беше пријавен само еден кандидат – доц. д-р Марјан Ѓуровски.

Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје на седницата одржана на 26.08.2019 година со Одлука бр. 08-595/2 од 26.08.2019 година формираше рецензиона Комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на научните области Друго – Безбедносни науки (51610) и Друго – Меѓународна безбедност и меѓународни односи (51610). Комисијата беше во следниов состав: проф. д-р Томе Батковски од Факултет за безбедност - Скопје - член, претседател, проф. д-р Снежана Никодиновска Стефановска од Факултет за безбедност – Скопје – член и проф. д-р Борис Мургоски од Факултет за безбедност – Скопје – член. Комисијата подготви реферат за избор на еден наставник во звањата објавени во огласот и истиот беше објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски”-Битола, бр. 461 од 02.09.2019 година. Рефератот содржи оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатот што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветно звање и во својата заклучна оценка и Рецензионата комисија му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за безбедност – Скопје да го избере за вонреден професор д-р Марјан Ѓуровски, кој ги исполнува потребните услови за избор во вонреден професор.

Одлуката влегува во сила од 29.01.2020 година, затоа што тогаш се навршуваат полни пет години од изборот во звањето доцент професор на д-р Марјан Ѓуровски

Одлуката да се достави до именуваниот, персонално досие, одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење и архива.

Д Е К А Н

Вонреден проф. д-р Никола Дујовски

Изработил
М-р Цветанка Радиновска Панова